Милорад АНТЕВСКИ

# КАРЛ МАРКС ЗА ПРИНЦИПОТ „ОД СЕКОГО СПОРЕД СПОСОБНОСТИТЕ, СЕКОМУ СПОРЕД ТРУДОТ" И НАШАТА ПРАКТИКА

Во услови на капиталистичките производни односи Маркс покажува и докажува како работникот се отуѓува од својот труд и тоа, пред сè, на три основни подрачја: Прво, работникот е отуѓен од средствата за производство: второ, е отуѓен од производите и од резултатите на својот труд — тие му припаѓаат на сопственикот на средствата за производство, а работникот добива само наемнина; и трето, работникот е отуѓен од условите на трудот, нив ги утврдува и односите во производството, ги воспоставува сопственикот — капиталистот. Оттука, основна цел на секој работник во почетокот на револуционерниот процес во развојот на социјалистичките производствени односи е „враќање" на правата што му се одземени. Досегашните искуства покажуваат дека тоа може најуспешно да се остварува со развојот на социјалистичките самоуправни производствени односи, бидејќи социјалистичките самоуправни односи подразбираат и овозможуваат работникот слободно, рамноправно и под еднакви права и обврски со другите работници да работи со средствата во општествената сопственост. Тоа во основа ја прави и содржината на општествената сопственост чии субјект станува здружениот работник. Здружениот работник се наоѓа во сплет на меѓусебни права и обврски со другите работници и тоа не само во основната организација во која работи, туку и надвор од неа, во вкупниот процес на општествената репродукција.

Ако се појде од основните карактеристики на општествената сопственост произлегува дека средствата за производство во општествена сопственост, како најважен и неопходен услов за производство му припаѓаат на оној кој работи со нив, но и дека спрема нив никој не може да воспоставува никакви сопственички права. Тоа значи дека работникот во остварување на своите права е „ограничен" со еднакви права на другите работници. Затоа, работникот во општествената репродукција не

може да ги остварува своите права како изолиран субјект туку само како здружен и тоа во границите во кои то почитува остварувањето на еднаквите права на другите работници.

Бидејќи општествената сопственост ја исклучува сопственоста на средствата за производство како основа за присвојување се поставува прашањето: врз основа на кои елементи и критериуми субјектите учествуваат во распределбата на општествениот производ и како ги воспоставуваат и регулираат меѓусебните односи? На ова мошне значајно и комплексно прашање се добива одговор во делата на Маркс. Тој во забелешките на Програмата на Германската работничка партија, познати како „Критика на готската програма“ го набележува трудот како основа и критериум за присвојување, односно како основа за учество во распределбата на општествениот производ. Имено, според Маркс со елиминирањето на монополот на сопственоста на средствата за производство и присвојувањето врз основа на сопственоста, во односите меѓу луѓето се создава можност за воспоставување на еднаквост во нивниот општествен статус. Таа еднаквост во општествениот статус се состои во тоа што мерењето на придонесот на секој во создавањето и учеството во распределбата на производот се врши според еднакво мерило — според трудот. „Правото на производителите е пропорционално на работата што ја даваат тие, еднаквоста се состои во тоа што мерењето се врши со еднакво мерило — трудот".[1]) Тоа право на производителите за учество во распределбата на средствата за трошење пропорционално на работата во нашиот Устав е изразено како право на работниот човек да ги ужива производите на својот труд и на материјалниот напредок на општествената заедница според начелото: „Секој според способностите — секому според неговиот труд“. со обврска да го обезбедува развитокот на материјалната основа на сопствениот и општествениот труд и да придонесува за задоволување на другите општествени потреби.[2])

Иако Маркс јасно и непосредно никаде не го спомнува принципот „Секој според способностите — секому според трудот“, па дури не го употребува ни изразот „распределба според трудот“, критичките забелешки што ги упатува на Програмата на Германската работничка партија, односно ставовите за распределбата што при тоа ги истакнува најчесто се користат, цитираат и сфаќаат како интерпретација на принципот на распределбата според трудот. Ако тие внимателно се проанализираат и не би можело поинаку да бидат сфатени и интерпретирани. „Што се однесува пак до распределбата на средствата за трошење меѓу одделни производители, тука владее истиот принцип

---

[1]) Карл Маркс „Критика на Готската програма“, Култура — Мисла, Скопје, 1974, 24.

[2]) Устав на СФРЈ, издание Службен весник на СРМ, Скопје 1974 11.

како при размена на стоковните еквиваленти: еднаква количина работа на еден облик се разменува за еднаква количина работа во друга форма“.[3])

Бидејќи Маркс во социјализмот не претпосавувал можност за постоење на стоковна размена, односно стоковно производство во кое производителите ќе произведуваат производи и ќе ги разменуваат на пазар и на тој начин ќе ги присвојуваат резултатите од својот заеднички труд, и не можел да даде поопределена квалификација за распределбата во социјализмот. „Во општеството кое се базира врз заедничка сопственост на средствата за производство, производителите не ги разменуваат своите производи; ниту трудот што е потрошен на производите се појавува овде како вредност на тие производи, како некое материјално својство, што го имаат тие, оти сега веќе, спротивно на она што го имаме во капиталистичкото општество, индивидуалниот труд постои не околно туку непосредно како составен дел од целокупниот труд”.[4]) И понатаму тој јасно истакнува дека „овде имаме работа со комунистичко општество не онакво какво што тоа се развило на својата сопствена основа, туку обратно, онакво какво тоа поправо излегува од капиталистичкото општество; со комунистичкото општество, значи кое во секој поглед, во економски, во морален, во духовен, носи на себеси траги од старото општество од чија утроба излегува.

Според тоа, производителот поединец добива назад од општеството — по одбивките точно онолку колку што му дава. Она што му го дал тој — тоа е неговиот индивидуален квантум на трудот”[5]).

Од ова сосема јасно произлегува дека опредметениот труд во производот не се мери со прометна вредност, односно индиректно туку непосредно според работното време кое под одредени услови е потребно за производство на некој производ. Така во „Каиптал“ Маркс истакнува дека „само поради споредување со стоковно производство ќе земеме дека учеството на секој производител во животните продукти е определен со неговото работно време“. Значи, Маркс тргнува од индивидуалниот квантитет на трудот мерен со „неговото работно време“. Тоа бара за секого однапред да се утврди работно време, претпоставениот труд што е потребен за извршување на работите и да се следи, односно евидентира неговото извршување за да може на тој начин да се утврдува придонесот на секој во остварената работа.

Значи, треба да се тргнува од фактот дека производството, распределбата, размената и потрошувачката се меѓусебно усло-

---

3) Карл Маркс „Критика на Готската програма“, Култура — Мисла, Скопје, 1974, 24.

4) Истото, 23.

5) Истото.

вени и поврзани моменти во единствениот процес на општествената репродукција и одговорот за начинот на распределбата треба и мора да се бара во самиот начин на производство. Начинот на производство ја определува распределбата, односно начинот на присвојувањето. За поврзаноста и обусловеноста на производството и распределбата Маркс во „Основите на критиката на политичка економија“ сосема јасно истакнува дека: „распределбата не само по предметот, затоа што само резултатите од производството можат да се распоредуваат, туку и по формата, бидејќи определениот начин на учество во производството го определува начинот и обликот на распределбата“. Значи, одговорот на прашањето за начинот на распределбата секогаш треба да се бара и да се добива во начинот на производството.

Маркс во „Капитал“ утврдува како индустриските капиталисти како стоковни производители го присвојуваат вишокот на вредноста, односно како тие учествуваат во „распределбата“ на вишокот на вредноста по основ на сопственост на капиталот вложен во производство. Во наши услови н а самоуправно социјалистичко стоковно производство производителите не се сопственици на средствата за производството, како што беше истакнато, тие со нив управуваат врз основа на трудот затоа трудот е основа за присвојување и учество во распределбата на производите од заедничкиот труд. „Трудот на човекот е единствена основа за присвојување на производи на општествениот труд и за управување со општествените средства“.[1]) Иако трудот на производителите, заедничката работа е основа за присвојување на производите од општествениот труд, тоа сѐ уште не значи дека количината на трудот што тие ја трошат во производството го определува и обемот на учеството. Вложениот труд навистина е основа за присвојување, но во услови на стоковно производство обемот на учеството произлегува од општествено-признатиот труд, од количината на трудот потврдена во размената. Бидејќи вложениот (потрошениот) и општественопризнатиот труд не се исти големини и доколку во самоуправното стоковно производство, како што вели М. Кораќ би се употребувал изразот „распределба според трудот“, се наметнува потребата секогаш јасно да се прецизира на кој труд се мисли — на потрошениот или општествено признатиот, бидејќи со тоа се одредува смислата на изразот, зашто во првиот случај, со него се изразува основата за присвојување, а во вториот обемот на присвојувањето. Во наши услови на самоуправно социјалистичко стоковно производство оваа „двојност“ и тешкотиите што произлегуват од неа, што таа ги создава во утврдувањето на придонесот на производителите во производството и нивното

---

[6]) Устав на СФРЈ, издан. „Службен весник“ Скопје стр. 13.

учество во распределбата на најдобар начин се надминува со „дополнување“ на уставното начело: „секој според способностите — секому според неговиот труд“, имено вториот дел од ова начело на извесен начин се менува, му се додаваат „резултатите од трудот“. Со ова всушност се изразуваат двата аспекта, двете содржини карактеристични за нашите социјалистички самоуправни стоковно производствени односи: основата за учеството во распределбата е трудот а големината на учеството е според резултатите од трудот. Во распределбата на оствареното“ се вклучува секој работник кој со својот труд учествувал и во производството и секоја производна единица — основна организација на здружен труд и работна заедница, која со заедничкиот труд на своите работници остварува некаков производ или услуга кои се потврдуваат како општествено-потребни во размената. Меѓутоа, колку ќе учествува секоја од нив, зависи од тоа колку од вложениот, односно потрошениот труд ќе биде општествено признат, потврден, односно верифициран во размената. Значи, вложениот труд е основа за учество во распределбата, а се распределува толку колку противредност ќе се добие за истиот во стоковната размена.

Маркс сметал дека учеството на работниците во „средствата за потрошувачка“ треба да биде пропорционално на трудот односно сразмерно на трудот што тие ќе го потрошат во производството, тоа како што беше истакнато, е единствено можно кога ќе се надмине стоковниот карактер на производството.

Во стоковното стопанство, како што е познато, не се признава индивидуално потрошениот труд, индивидуалната продуктивност на трудот, туку индивидуалното работно време се сведува на општественото потребно време. Тоа се случува како меѓу производителите на исти или слични производи, така и меѓу производителите од различни гранки и групации. Притоа, скоро секогаш се јавуваат отстапувања на потрошениот од општествено-признатиот труд, на вложениот труд од резултатите на трудот. Во многу ретки случаи потрошениот и во размена признатиот труд можат да се совпаднат и тоа само во оние случаи кога стварната цена на чинење ќе се изедначи со продажната цена. Во сите други случаи се јавуваат отстапувања, а тоа значи и разлики меѓу вложениот труд и резултатите од трудот. Овие разлики се јавуваат меѓу субјектите кои учествуваат во стоковната размена, односно меѓу организациите на здружен труд кои подоцна се одразуваат и врз разликите во личните доходи меѓу вработените во нив и меѓу самите нив.

Бидејќи меѓу стопанските субјекти, меѓу основните организации и работните заедници во нивните меѓусебни економски односи вложениот труд се вреднува во размената и се изразува како резултат од вложениот труд неопходно е дополнувањето

на принципот и неговото изразување да се остварува како распределба според резултатите од вложениот труд. Но, во внатрешните односи на самата основна организација на здружен труд, во односите меѓу работниците, во распределбата на средствата за лични доходи, вложениот труд на секој може да биде не само основа туку и детерминанта за обемот на поодделното учество во распределбата на резултатите од трудот. На тој начин во регулирањето на внатрешните односи во распределбата на личните доходи може да се обезбеди учество да биде „пропорционално на трудот", односно според вложениот труд. Оттука, во нашата практика во развојот на општествено -економските односи, во односите меѓу организациите на здружен труд доаѓа до израз примената на распределбата според резултатите од трудот, а во внатрешната распределба меѓу работниците во основната организација, во распределбата на средствата за лични доходи доаѓа повеќе до израз и можна е распределбата според вложениот труд (според придонесот што се дава со вложениот труд во остварените резултати во основната организација).

Во нашата досегашна практика во примената на принципот „според резултатите од вложениот труд“, покрај отстапувањата што се јавуваат како нормални, под дејство на Законот на вредноста има и многу други остапувања и проблеми што произлегуваат и од бројните противречности во условите на стопанисувањето и остварувањето на стопанскиот систем и економската политика. Овие проблеми особено се видливи во големите разлики што се јавуваат во висината на резултатите од трудот (на доходот) меѓу одделни организации, гранки и групаци кои не се резултат на вложениот труд. Разликите во висината на доходот и личните доходи кои потекнуваат од условите на стопанисувањето во нашата практика се мошне големи и често независни од пазарните законитости, но имаат силно негативно влијание врз доследно остварување на прокламираниот принцип на распределба, односно разликите во резултатите да произлегуваат пред сè, од квантитетот и квалитетот на вложениот труд.

Независно што во оваа фаза на развојот на производните сили сè уште во нашата самоуправна практика неможе да се надмине стоковното производство со законот за здружениот труд и други системски решенија се настојува да се отвори просторот и да се создаде можност во регулирање на односите меѓу ОЗТ, преку самоуправното спогодување и општественото договарање да се остварува принципот на „распределба според трудот“.

Имено, иако во услови на стоковно стопанство има многу проблеми и тешкотии за доследна примена на принципот на „распределба според вложениот труд" сепак со одделни определби

и решенија во Уставот и Законот за здружен труд се настојува тој што повеќе да се остварува во утврдувањето и регулирањето на односите меѓу работниците во основните организации на здружен труд, во распределбата на средства за лични доходи, но исто така, се настојува овој принцип да се применува и во економските односи меѓу основните организации кои репродукционо и доходовно се поврзани.. Имено, со конституирањето на основните организации и нивното сè поголемо здружување во остварување на заедничкиот производ со сè поголемото здружување на трудот и средствата, примената на овој принцип станува основа врз која се остваруваат и изградуваат меѓусебните општествени односи. Во тој правец може да се конститира дека во онаа мера во која во односите меѓу основните организации на здружен труд ќе се применува принципот „според вложениот труд", во таа мера ќе се создаваат и услови за постепено напуштање на купопродажните односи, а со тоа и на основите врз кои се темели стоковното производство. Со ова, иако досегашните резултати се сосема скромни, се отвора процес за постепено надминување на стоковното производство и тоа најпрво меѓу основните организации на здруежен труд кои се здружуваат во производството врз заеднички производ и односите ги регулираат врз основа на заеднички приход и доход и натаму пошироко во репродукциони целини, па и во целиот здружен труд во процесот на општествената репродукција.

Меѓутоа, на сегашниот степен на развојот на производните сили кај нас, на сегашниот степен на организираност, стоковното стопанство, а со тоа и примената на принципот „според резултатите од вложениот труд" во односите меѓу основните организации се јавува како нужност. Тргнувајќи од таа нужност во теоријата и практиката се настојува стоковното стопанство, во наши услови да се развива и тоа што побрзо, за да може на тој начин и побрзо да се надминува. При тоа, мора да се настојува неговите законитости да се осознаат и свесно и насочувачки да се користат во односите со што практично ќе се забрзува нашиот самоуправен социјалистички развој. Затоа, како што вели Едвард Кардел, „За нас не се поставува прашање дали сме „за" или „против" стоковното производство. Бидејќи единствена алтернатива на ваквиот систем на стопанисување во сегашните услови е враќање на државно-сопственичкиот монопол и бирократско-технократскиот централизам со сите политички последици што би ги имало тоа за развојот на нашето општество. Денес проблемите на нашиот систем на стоковното производство во суштина можат да се поставаат само како прашања за поуспешно усогласување на дејствувањето на пазарните законитости со социјалистичките самоуправни односи во производството и распределбата на доходот и со општественото планирање на материјалните односи во

развојот на производните сили и на општествената потрошувачка".[7])

Значи, нашата самоуправна практика и теорија и понатаму треба да се ангажира како во услови на самоуправно стоковно-планско стопанство поуспешно да се применува принципот „од секого според способностите — секому според вложениот труд", за кој Маркс индиректно се залага во „Критиката на готската програма".

Milorad ANTEVSKI

## ON MARX'S PRINCIPLES OF „EVERYBODY ACCORDING TO HIS ABILITIES, AND TO EVERYBODY ACCORDING TO HIS LABOUR" AND OUR SELF-MANAGING PRACTICE

Within capitalism Marx showed and proved how the worker is alienated of his labour, and the result of labour. The basic aim of socialist self-managing relations particularly in the first phase of the revolutionary process is „the reintroduction of worker's rights". The former experience in the world presents that this Marx's thesis maybe realized within socialist self-managing relations of production, since they enable the worker to manage the means of production. This is the basis on which social property exists and whose subjects becomes the associated worker. The prime question is which are the elements and criteria upon which the subjects participate in the distribution of the social product. This question was answered by Karl Marx in his „Criticism of the Gotha Programme". He places an emphasis on labour as a principle criterium for acquisition according to the dictum „everybody according to his abilities, and to everybody according to his labour".

But, when Marx emphasized the condition for applying the above dictum, he clearly stated that it would be applied in the conditions of a known economy of barter. Hence, the question whether this Marx's principle is applied in our reality in the conditions of socialist production. The search for the answer to this interesting question is of an exeptional importance for the development of socialist self-managing relations of production; for the regulation of the mutual relations between the associated workers in the basic organisations of associated labour and among them in the advanced forms of association. This is, in fact, the crucial question for the development of the socialist self-managing relations of production in our country and for the development of socialism in the entire world.

---

[7]) Е. Кардељ „Реферат на II Конгрес на Самоуправувачите" — Проблеми на нашето социјалистичка изградба", 275.